Бр: 09-11/4

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата составена од Димитрија Вревезоски - претседател, Владимир Наумовски и Насер Жарку - членови, врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10, 136/11 и 41/2014, 53/16 и 83/18), постапувајќи во единствената прекршочна постапка поведена по службена должност против Здружение на приватни лекари на Република Македонија со седиште на ул. Народен фронт бр.21 Скопје, застапуван од полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес, заради утврдување на прекршок од член 61 став (1) точка 1) и 2) од истиот Закон, на седницата одржана на 10.09.2020 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**1. XXX[1]**

**2. Се утврдува дека Здружението на приватни лекари на Република Македонија**, ул. Народен фронт бр.21 Скопје, со ЕМБС 5149541 застапуван од полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес, како здружение на претпријатија во смисла на член член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10, 136/11 и 41/14), при постапувањето по Заклучокот за поведување на прекршочна постапка на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.09-18/2 од 27.07.2015 година со кој е побарано и доставување на податоци во смисла на член 40 од Законот за заштита на конкуренцијата, со допис бр. 09-18/3 од 17.09.2015 година доставило нецелосни податоци, односно податоци кои може да ја доведат во заблуда Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, на начин што не го доставило Ценовникот за услуги за приватни пациенти (кој ценовник почнува со: лекарско уверение за работа ..... 1500,оо ден.) и Ценовникот од 2008 година, со што сторило **прекршок од член 61 став (1) точка 2) од** од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на сторителот на прекршокот **Здружение на приватни лекари на Република Македонија, му се изрекува санкција - глоба во износ од 30.081 денар, што претставува 0,5%** од вредноста на вкупниот годишен приход на **Здружението на приватни лекари на Република Македонија, остварен во 2019 година** како последна деловна година за која истото има составена годишна сметка**.**

**3. XXX[2]**

**4.** Глобата од точка 3) од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата**.** Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

---

[1] Точка 1 од ова решение е поништена со Пресуда на Управниот суд УПРК 6/2020 од 31.03.2021 година, која пак пресуда е потврдена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ бр.451/2021 од 19.05.20200 година

[2] Точка 3 од ова решение е поништена со Пресуда на Управниот суд УПРК 6/2020 од 31.03.2021 година, која пак пресуда е потврдена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ бр.451/2021 од 19.05.20200 година

О б р а з л о ж е н и е

Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КЗК) со Допис бр 09-251/3 од 29.10.2014 година до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) достави барање за поведување на прекршочна постапка против Здружение на приватни лекари на Република Македонија (во понатамошниот текст: ЗПЛРМ), ул. Народен фронт бр.21 Скопје, со ЕМБС 5149541 и и едниствен даночен број 4030997339917 застапувано од Лилија Чолакова – Дервишова - претседател заради непостапување по заклучокот бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 48 од ЗЗК, што претствува прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: ЗЗК).

Во барање за поведување на прекршочна постапка наведено е дека Генералниот секретар на КЗК согласно законските надлежности со заклучок бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година го задолжил ЗПЛРМ, во рок од осум дена, до КЗК да ги достави следните документи и податоци:

- Сите ценовници кои ЗПЛРМ ги има донесено/биле во сила од 2010 година до денот на приемот на овој заклучок и
- Објаснување на правниот основ за носење на ценовниците.

Целта на прибавувањето на податоците било истражување и утврдување на условите и начинот на формирање на цените од страна на приватни лекари во Република Македонија.

Заклучокот за барање на податоци бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година е доставен до ЗПЛРМ на 08.10.2014 година, а видно од копија од повратница за извршена достава дадена во прилог на Барањето за поведување на прекршочна постапка. Оттука, ЗПЛРМ податоците побарани со наведениот заклучок било должно да ги достави во определениот рок од осум дена, кој истекувал на 16.10.2014 година.

Со допис бр.07-251/2 од 22.10.2014 година, ЗПЛРМ преку полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес, наместо да ги достави бараните податоци доставило известување по наведениот заклучок во кое наведува дека КЗК нема никаква законска и стварна надлежност да бара и да прибира известувања од ЗПЛРМ, бидејќи ЗПЛРМ е здружение на граѓани, а не претпријатие или здружение на претпријатие. Понатаму, во Известувањето е наведено дека ЗПЛРМ согласно Статутот и регистрацијата во Централниот регистар претставува и е здружение на граѓани на Република Македонија кои по професија се лекари. Во известувањето исто така е наведено дека дискреционо право на здружението е дали да достави одговор или не, при што здржението одлучило да се повика на стварна ненадлежност на КЗК и да го користи законски даденото дискреционо право да не одговори на ненадлежен орган.

Со наведеното известување ЗПЛРМ не ги доставило бараните ценовници кои ЗПЛРМ ги има донесено/биле во сила од 2010 година до денот на приемот на заклучокот бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година, ниту дало објаснување на правниот основ за носење на ценовниците, податоци кое било должно да ги достави во рок од осум дена, рок определениот во Заклучокот бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година.

Постапувајќи по барањето за поведување на прекршочна постапка на Генералниот секретар на КЗК, КОП со Заклучок бр.09-34/2 од 03.11.2014 година поведе прекршочна постапка против ЗПЛРМ заради тоа што не постапило по заклучок бр.07.251/1 од 06.10.2014 година за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 48 од ЗЗК, што претствува прекршок од член 61 став (1) точка 1) од ЗЗК и го задолжи истото до КОП да достави: Извод од Централен регистар за тековна состојба, Биланс на успех за 2013 година и Податоци за жиро - сметка, единствен даночен број и депонент – банка.

Со допис бр.09-34/3 од 18.11.2014 година ЗПЛРМ преку Грозданчо Сутинов, адвокат од Велес одговори на Заклучокот за поведување на прекршочна постапка.

Со допис бр. 07-251/4 од 25.11.2014 година ЗПЛРМ до КЗК достави известување по основ на заклучок за прибавување на податоци од Генералниот секретар на КЗК бр.07-251/1 од 06.10.2014 година и во прилог достави Ценовник за услуги на приватни пациенти и приватни услуги (кој почнува со: Лекарско уверение за работа............ 1300.оо ден.). ЗПЛРМ повторно со допис бр.07-251/5 од 04.12.2014 година до КЗК достави дополнително известување по основ на заклучок бр.07-251/1 од 06.10.2014 година во прилог на кое е доставена и Одлука на Управниот одбор на ЗПЛРМ бр. сл од 10.03.2012 година.

КОП на 27.07.2015 година по службена должност со Заклучок бр.09-18/2 поведе прекршочна постапка против ЗПЛРМ заради тоа што како здружение на претпријатија донело забранети одлуки со што директно или индиректно ги фиксирале продажните цени на услугите за приватни пациенти и приватни услуги чија цел или последица е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата што претставува евентуален продолжен прекршок од член 59 став (1) точка 1) од ЗЗК, а во врска со член 7 став (1) точка 1) од истиот закон и го задолжи да ги достави до КОП во рок од 8 дена следните податоци и документи: Сите ценовници кои ЗПЛРМ ги има донесено од основањето до денот на приемот на овој заклучок, датумот на донесување на истите, одлуките и други акти врз основа на кои се донесувале ценовниците; Објаснување на начинот на кој ценовниците се дистрибуирани/ направени достапен на приватните здраствени установи и Биланс на успех за 2014 година.

ЗПЛРМ со допис бр.09-18/3 од 17.09.2015 година достави одговор на Заклучокот бр.09-18/2 за поведување на прекршочна постапка преку полномошник Гроздан Сутинов, адвокат од Велес и во прилог достави Ценовник за услуги на приватни пациенти и приватни услуги (кој почнува со: Лекарско уверение за работа............ 1300.оо ден.) и Биланс на успех на ЗПЛРМ за 2014 година. Со наведениот допис ЗПЛРМ не го достави и Ценовникот за услуги за приватни пациенти (кој ценовник почнува со: лекарско уверение за работа ..... 1500.оо ден.), а кој бил исто така донесен од ЗПЛРМ, а за кој Ценовник КОП има сознание дека постои врз основа на состанокот кој вработените од стручната служба на КЗК на ден 18.03.2015 година го одржале во просториите на ПЗУ Д-р Мано-Д-р Пуздерлиски и ПЗУ Д-р Соња Јанакиевска со седиште во Поликлиниката Идадија Скопје (Ул.Теодоси Гологанов бб) за што се составени и соодветни записници, при што службените лица прибавиле и копија од Ценовник за услуги за приватни пациенти кој бил истакнат во ходникот на Поликлиника Идадија (кој ценовник почнува со: лекарско уверение за работа ..... 1500.оо ден.), донесен од ЗПЛРМ. Во дописот бр.09-18/3 од 17.09.2015 година на страна 3 се наведува дека ЗПЛРМ има креирано ценовник уште во 2008 година – изгласан на Управен одбор на здружението и дека тоа се цени за услуги наплатени на приватно за пациенти кои не се матични или за оние кои немаат здравствено осигурување. ЗПЛРМ и во дописот бр. 07-251/4 од 25.11.2014 година ЗПЛРМ доставен до КЗК во последниот пасус наведува дека ЗПЛРМ има креирано ценовник уште во 2008 година – изгласан на Управен одбор на здружението и дека тоа се цени за услуги наплатени на приватно за пациенти кои не се матични или за оние кои немаат здравствено осигурување.

Имајќи во предвид дека ЗПЛРМ со одговорот бр.09-18/3 од 17.09.2015 година до КОП не го достави Ценовникот за услуги за приватни пациенти (кој ценовник почнува со: лекарско уверение за работа ..... 1500.оо ден.), а кој бил исто така донесен од ЗПЛРМ, а воедно ЗПЛРМ во самиот допис бр.09-18/3 од 17.09.2015 година и во дописот бр. 07-251/4 од 25.11.2014 година ЗПЛРМ доставен до КЗК наведува дека ЗПЛРМ има креирано ценовник уште во 2008 година – изгласан на Управен одбор на здружението и дека тоа се цени за услуги наплатени на приватно за пациенти кои не се матични или за оние кои немаат здравствено осигурување, а

истиот не го доставил. КОП со заклучок бр.09-33/1 од 08.10.2015 година поведе прекршочна постапка против ЗПЛРМ заради тоа што при постапување по Заклучок за поведување на прекршочна постапка бр. 09-18/2 од 27.07.2015 година а во смисла на доставување на податоци согласно член 40 од ЗЗК, со допис бр. 09-18/3 од 17.09.2015 година доставило нецелосни податоци, односно податоци кои може да ја доведат во заблуда КОП, што претставува прекршок од член 61 став (1) точка 2) од ЗЗК.

ЗПЛРМ со допис бр.09-33/2 од 21.10.2015 година до КОП достави одговор на Заклучокот за поведување на прекршочна постапка бр.09-33/1 од 08.10.2015 година, во кој меѓу другото повторно на страна 3 наведува дека ЗПЛРМ има креирано ценовник уште во 2008 година – изгласан на Управен одбор на здружението и дека тоа се цени за услуги наплатени на приватно за пациенти кои не се матични или за оние кои немаат здравствено осигурување, но и за оние кои имаат осигурување а не се опфатени како услуги кои се опфатени како капитација со Фондот за здраствено осигурување на Македонија. Дополнително во дописот се наведува дека Ценовникот за услуги за приватни пациенти кој службените лица од КЗК го прибавиле од ходникот на Поликлиника Идадија можно е да е изработен од самата ПЗУ а да овластеното лице на тоа ПЗУ да побарало од ЗПЛРМ да му се стави печат и потпис. И со овој допис Ценовник од 2008 година повторно не е доставен до КОП.

КОП на ден 28.10.2015 година прекршочната постапка поведена со Заклучок бр.09-34/2 од 03.11.2014 година по барање за поведување на прекршочна постапка на Генералниот секретар на КЗК против ЗПЛРМ заради тоа што со допис бр. 07-251/4 од 25.11.2014 година не постапил по Заклучок бр.07.251/1 од 06.10.2014 година за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 48 од ЗЗК, што претставува прекршок од член 61 став (1) точка 1) од ЗЗК и прекршочна постапка поведена по службена должност со Заклучок бр. 09 – 33/1 од 08.10.2015 година против ЗПЛРМ, заради тоа што при постапување по Заклучок за поведување на прекршочна постапка бр. 09-18/2 од 27.07.2015 година а во смисла на доставување на податоци согласно член 40 од ЗЗК, со допис бр. 09-18/3 од 17.09.2015 година доставило нецелосни податоци односно податоци кои може да ја доведат во заблуда КОП, што претставува прекршок од член 61 став (1) точка 2) од ЗЗК**,** со Заклучок бр. 09-34/1 **ги спои во единствена постапка.**

Со допис бр. 09-23/1 од 16.03.2016 година КОП до ЗПЛРМ достави Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба.

ЗПЛРМ со допис бр. 09-23/2 од 06.04.2016 година се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр. 09-23/3 од 04.05.2016 година КОП до ЗПЛРМ достави Конечно известување за утврдена фактичка состојба, по кое ЗПЛРМ не се произнесе.

На ден 15.06.2016 година КОП донесе решение бр.09-23/4 со кое утврди дека:

1. Здружението на приватни лекари на Република Македонија, ул. Народен фронт бр.21 Скопје, со ЕМБС 5149541 застапуван од полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес, како здружение на претпријатија во смисла на член член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10, 136/11 и 41/14), не постапило по заклучокот на Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 48 и член 49, на начин што не ги доставило податоците побарани со наведениот заклучок во определениот рок од осум дена, кој рок истекувал на 16.10.2014 година, како ден до кога Здружението на приватни лекари на Република Македонија било должно да ги достави бараните податоци, со што сторило прекршок од член 61 став (1)

точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на сторителот на прекршокот Здружение на приватни лекари на Република Македонија, му се изрекува санкција - глоба во износ од 52.300,00 денари, што претставува 0,5% од вредноста на вкупниот годишен приход на Здружението на приватни лекари на Република Македонија, остварен во 2015 година како последна деловна година за која истото има составена годишна сметка.

2. Здружението на приватни лекари на Република Македонија, ул. Народен фронт бр.21 Скопје, со ЕМБС 5149541 застапуван од полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес, како здружение на претпријатија во смисла на член член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ" бр.145/10, 136/11 и 41/14), при постапувањето по Заклучокот за поведување на прекршочна постапка на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.09-18/2 од 27.07.2015 година со кој е побарано и доставување на податоци во смисла на член 40 од Законот за заштита на конкуренцијата, со допис бр. 09-18/3 од 17.09.2015 година доставило нецелосни податоци, односно податоци кои може да ја доведат во заблуда Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, на начин што не го доставило Ценовникот за услуги за приватни пациенти (кој ценовник почнува со: лекарско уверение за работа ..... 1500,оо ден.), а исто така не го доставило Ценовникот од 2008 година, со што сторило прекршок од член 61 став (1) точка 2) од од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на сторителот на прекршокот Здружение на приватни лекари на Република Македонија, му се изрекува санкција - глоба во износ од 52.300,00 денари, што претставува 0,5% од вредноста на вкупниот годишен приход на Здружението на приватни лекари на Република Македонија, остварен во 2015 година како последна деловна година за која истото има составена годишна сметка.

Со допис наш бр.09-23/5 од 21.07.2016 година ЗПЛРМ достави известување за поднесена тужба.

Незадоволен од ваквото решение ЗПЛРМ поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд на Република Македонија Упрк – бр.3/2016 (наш бр.09-23/6 од 31.08.2016.

КОП во предвидениот рок достави одговор на тужбата наш бр. 09-23/7 од 06.09.2016 година.

Управниот суд на ден 23.05.2019 година со пресуда УПРК бр.3/206 ја уважи тужбата на ЗПЛРМ, а решението на КОП, Решение бр.09-23/4 од 15.06.2016 година го поништи.

Незадоволна од пресудата КОП со допис бр.09-23/2 од 19.06.2019 година до Државниот правобранител на Република Северна Македонија достави жалба по наведената пресуда.

Со допис наш бр.09-23/3 од 04.11.2019 година Државниот правобранител на Република Северна Македонија достави одговор на жалба.

Со допис наш бр.09-11/1 од 31.01.2020 година Државниот правобранител на Република Северна Македонија достави Решение на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.562/2019 од 19.12.2019 година со кое решение Вишиот управен суд ја одбива жалбата на КОП и ја потврдува пресудата на Управниот суд Упрк.бр.3/2016 од 23.05.2019 година.

**Постапувајќи по напатствијата на Вишиот управен суд и на Управниот суд КОП во повторната постапка врз основа на податоците прибавени во текот на постапката а од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка, ја утврди следната фактичка состојба:**

1. Генералниот секретар на КЗК согласно законските надлежности, а со цел прибавување на податоци заради истражување и утврдување на условите и начинот на формирање на цените од страна на приватни лекари во Република Македонија, со заклучок бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година го задолжил ЗПЛРМ, во рок од осум дена, до КЗК да ги достави следните документи и податоци:

- Сите ценовници кои ЗПЛРМ ги има донесено/биле во сила од 2010 година до денот на приемот на овој заклучок и
- Објаснување на правниот основ за носење на ценовниците.

Заклучокот за барање на податоци бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година е доставен до ЗПЛРМ на 08.10.2014 година, а видно од копија од повратница за извршена достава дадена во прилог на Барањето за поведување на прекршочна постапка. Оттука, ЗПЛРМ податоците побарани со наведениот заклучок било должно да ги достави во определениот рок од осум дена, кој истекувал на 16.10.2014 година.

Со допис бр.07-251/2 од 22.10.2014 година, ЗПЛРМ наместо да ги достави бараните податоци доставило известување во кое наведува дека КЗК нема никаква законска и стварна надлежност да бара и да прибира известувања од ЗПЛРМ, бидејќи ЗПЛРМ е здружение на граѓани, а не претпријатие или здружение на претпријатие. Понатаму, во Известувањето е наведено дека ЗПЛРМ согласно Статутот и регистрацијата во Централниот регистар претставува и е здружение на граѓани на Република Македонија кои по професија се лекари. Во известувањето исто така е наведено дека дискреционо право на здружението е дали да достави одговор или не, при што здржението одлучило да се повика на стварна ненадлежност на КЗК и да го користи законски даденото дискреционо право да не одговори на ненадлежен орган.

КОП го разгледа тврдењата на ЗПЛРМ во однос на тоа дека ЗПЛРМ согласно Статутот и регистрацијата во Централниот регистар претставува и е здружение на граѓани на Република Македонија кои по професија се лекари и дека дискреционо право на здружението е дали да достави одговор или не, при што здружението одлучило да се повика на стварна ненадлежност на КЗК и да го користи законски даденото дискреционо право да не одговори на ненадлежен орган и по однос на истите го утврди следното.

Согласно одредбите на член 250 и член 251 став 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник На република македонија“ бр. 43/2012, бр.145/2012, бр.87/2013, бр.164/2013, бр.39/2014, бр.43/2014, бр.132/2014, бр.188/2014, бр.10/2015, бр.61/2015, бр. 154/2015, бр.192/2015, бр.17/2016 и бр.37/2016) заради заштита и унапредување на стручноста и етичките должности и права, за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, заштитат на интересите на својата професија, следење на односот на здравствените работници кон општеството и граѓаните, докторите на медицина, докторите на стоматологија и дипломираните фармацевти **се здружуваат во Лекарска, стоматолошка, односно Фармацевтска комора на Македонија. Коморите имаат својство на правно лице и се запишуваат** во Централниот регистар на Република Македонија.

Согласно член 3 став (2) алинеа 1 од ЗЗК, истиот се применува на:

- претпријатија, здруженија на претпријатија, поврзани претпријатија, државна управа

Согласно член 5 став (1) алинеа 1 од ЗЗК - "**претпријатие**" е секој вид на деловен потфат без оглед на тоа како е организиран и од кого е воден (трговско друштво, трговец поединец, задруга, здружение на претпријатија и др.), **слободните професии** (адвокати, **лекари**, архитекти, сметководители, нотари и др.), јавните претпријатија основани заради вршење на дејности од јавен интерес како и секое друго правно или физичко лице, установа и друго правно и физичко лице кое има

јавни овластувања или орган на државна управа што е ангажиран во водењето на некоја економска активност, без оглед на тоа дали се сметаат за трговци или не;

Оттука, во членот 5 став (1) алинеа 1 од ЗЗК јасно се утврдува дека вршењето на слободната професија – лекар потпаѓа под законската дефиниција на „претпријатие“ од каде јасно произлегува дека ЗЗК се применува и на лекарите, како слободна професија. Давањето на лекарски/здравствени услуги претставува вршење на економска активност и лекарите претставуваат претпријатија во смисла на член 5 став (1) алинеа 1 од ЗЗК.

- Согласно член 5 став (1) алинеа 2 од ЗЗК "**здружение на претпријатија**" е здружение на две или повеќе претпријатија кое директно не врши економска активност, но има или може да има влијание на однесувањето на претпријатијата на пазарот, без оглед на формата на здружување;

Бидејќи лекарите, членки на Здружението на приватни лекари на Република Македонија се претпријатија во смисла на член 5 став (1) алинеа 1 од ЗЗК, следствено Здружението на приватни лекари на Република Македонија претставува здружение на претпријатија во смисла на член 5 став (1) алинеа 2 од ЗЗК без оглед на формата на здружување.

Во прилог на тоа дека ЗЗК се применува и на Здруженија на претпријатија, кои формално се регистрирани како здруженија на граѓани, а согласно ЗЗК претставуваат здруженија на претпријатија е и пресудата на Управниот суд У-5. Бр.907/2010 од 03.05.2012 година во која судот одлучувајќи по тужбата на АМД „Охрид„ Охрид во која бил наведен ставот дека ЗЗК не се применува на Здруженија на претпријатија, кои формално се регистрирани како здруженија на граѓани, истиот не го прифатиле со потврдување на решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Исто така, и Вишиот управен суд одлучувајќи по жалбата на АМД „Охрид„ Охрид не го прифатил ваквиот став на тужителот потврдувајќи ја пресудата на Управниот суд (приложен е доказ: Пресуда У-5. Бр.907/2010 од 03.05.2012 година на Управниот суд на РМ и пресуда УЖ.бр.1047/2012 од 18.10.2012 година  на Вишиот управниот суд

Дополнително ЗПЛРМ е здружение на приватни лекари во кое членуваат приватните лекари вработени во приватните здравствени установи како правни субјекти - вршители на здравствена дејност. Приватните здравствени установи при обезбедувањето на услугите кои приватните пациенти ги плаќаат, односно при давањето на приватните услуги треба слободно и независно едни од други да формираат сопствени цени за извршените услуги. ЗПЛРМ нема законско овластување за донесување на било какви ценовници и со евентуалното носењето на ценовници во кои утврдува цени за приватните услуги кои ги даваат приватните здравствени установи, а кои ценовници КОП ги побара од ЗПЛРМ, ЗПЛРМ влијае врз однесувањето на  претпријатијата, во конкретниот случај приватните здравствени установи, на пазарот, односно ги диктира цените кои приватните здравствени установи ги наплаќаат за приватните услуги кои ги даваат на своите пациенти. Оттука прибирањето на податоци за донесени ценовници и било неопходно на КОП за да утврди постоење на прекршок од член **59 став (1) точка 1) од ЗЗК.**

ЗПЛРМ не ги доставило бараните ценовници кои ЗПЛРМ ги има донесено/биле во сила од 2010 година до денот на приемот на заклучокот бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година, ниту дало објаснување на правниот основ за носење на ценовниците, податоци кое било должно да ги достави во рок од осум дена, рок определениот во Заклучокот бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година.

Врз основа на горенаведеното КОП утврди дека ЗПЛРМ, не постапило по заклучокот на Генералниот секретар на КЗК бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 48 и член 49,

на начин што не ги доставило податоците побарани со наведениот заклучок во определениот рок од осум дена, кој рок истекувал на 16.19.2014 година, како ден до кога ЗПЛРМ било должно да ги достави бараните податоци, со што сторило **прекршок од член 61 став (1) точка 1) од ЗЗК.**

Согласно член 61 став (1) од ЗЗК, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 1% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако:

1) не постапи по заклучок на Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 40, член 48 и член 49 од ЗЗК;

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од ЗЗК, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

Во утврдувањето на износот на глобата КОП тргнува од вкупно остварените приходи на ЗПЛРМ за 2015 година како последната деловна година, за која ЗПЛРМ има составена годишна сметка.

Вкупно остварените приходи на ЗПЛРМ во 2015 година, како последна деловна година за која ЗПЛРМ има составена годишна сметка изнесува 10.465.785,00 денари.

**Оттука, КОП за сторениот прекршок од член 61 став (1) точка 1) од ЗЗК,** не постапување по заклучокот на Генералниот секретар на КЗК бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 48 и член 49, на начин што ЗПЛРМ не ги доставило податоците побарани со наведениот заклучок во определениот рок кој истекувал на 16.19.2014 година како ден до кога ЗПЛРМ било должно да ги достави бараните податоци, **КОП глобата која се изрекува на ЗПЛРМ ја определува во износ од 30.081 денар што претставува 0,5% од приходите на ЗПЛРМ остварени во 2019 година** како последна деловна година за која ЗПЛРМ има составена годишна сметка**.**

2. КОП утврди дека ЗПЛРМ со допис бр.09-18/3 од 17.09.2015 година доставило одговор на Заклучок на КОП бр.09-18/2 од 27.07.2015 година за поведување на прекршочна постапка против ЗПЛРМ и во прилог доставило Ценовник за услуги на приватни пациенти и приватни услуги (кој почнува со: Лекарско уверение за работа………… 1300,оо ден.) и Биланс на успех на ЗПЛРМ за 2014 година. Со наведениот допис ЗПЛРМ <u>не го достави и Ценовникот за услуги за приватни пациенти (кој ценовник почнува со: лекарско уверение за работа ….. 1500,оо ден.), а кој бил исто така донесен од ЗПЛРМ</u>, а за кој Ценовник КОП има сознание дека постои врз основа на состанокот кој вработените од стручната служба на КЗК на ден 18.03.2015 година го одржале во просториите на ПЗУ Д-р Мано-Д-р Пуздерлиски и ПЗУ Д-р Соња Јанакиевска со седиште во Поликлиниката Идадија Скопје (Ул.Теодосиј Гологанов бб) за што се составени и соодветни записници, при што службените лица прибавиле и копија од Ценовник за услуги за приватни пациенти кој бил истакнат во ходникот на Поликлиника Идадија (кој ценовник почнува со: лекарско уверение за работа ….. 1500,оо ден.), донесен од ЗПЛРМ. Во дописот бр.09-18/3 од 17.09.2015 година на страна 3 се наведува дека ЗПЛРМ има креирано ценовник уште во 2008 година – изгласан на Управен одбор на здружението и дека тоа се цени за услуги наплатени на приватно за пациенти кои не се матични или за оние кои немаат здравствено осигурување. ЗПЛРМ и во дописот бр. 07-251/4 од 25.11.2014 година ЗПЛРМ доставен до КЗК во последниот пасус наведува дека ЗПЛРМ има креирано ценовник уште во 2008 година – изгласан на Управен одбор на здружението и дека тоа се цени за услуги наплатени на

приватно за пациенти кои не се матични или за оние кои немаат здравствено осигурување.

КОП исто така утврди дека ЗПЛРМ со допис бр.09-33/2 од 21.10.2015 година до КОП достави одговор на Заклучокот за поведување на прекршочна постапка бр.09-33/1 од 08.10.2015 година, во кој меѓу другото повторно на страна 3 наведува дека ЗПЛРМ има креирано ценовник уште во 2008 година – изгласан на Управен одбор на здружението и дека тоа се цени за услуги наплатени на приватно за пациенти кои не се матични или за оние кои немаат здравствено осигурување, но и за оние кои имаат осигурување а не се опфатени како услуги кои се опфатени како капитација со Фондот за здраствено осигурување на Македонија. Дополнително во дописот се наведува дека Ценовникот за услуги за приватни пациенти кој службените лица од КЗК го прибавиле од ходникот на Поликлиника Идадија можно е да е изработен од самата ПЗУ а да овластеното лице на тоа ПЗУ да побарало од ЗПЛРМ да му се стави печат и потпис. И со овој допис Ценовник од 2008 година повторно не е доставен до КОП.

ЗПЛРМ во дописот бр.09-22/2 од 28.03.2016 година доставен до КОП наведува дека креираниот Ценовник од 2008 година со штембил и печат не се во можност да го достават како архивски материјал бидејќи се поминати осум години и здружението неможе да го најде во својата архива како и дека согласно позитивните прописи обврска за негово чување ЗПЛРМ по истекот на три години нема. За ваквите тврдења ЗПЛРМ не достави доказ.

Врз основа на горенаведеното КОП утврди дека ЗПЛРМ при постапувањето по Заклучокот за поведување на прекршочна постапка на КОП бр.09-18/2 од 27.07.2015 година за доставување на податоци во смисла на член 40 од ЗЗК, со допис бр. 09-18/3 од 17.09.2015 година доставило нецелосни податоци, односно податоци кои може да ја доведат во заблуда КОП, на начин што не го доставило Ценовникот за услуги за приватни пациенти (кој ценовник почнува со: лекарско уверение за работа ..... 1500,оо ден.), а исто така не го доставило Ценовникот од 2008 година, со што сторило **прекршок од член 61 став (1) точка 2) од ЗЗК.**

**Имено со недоставување на ценовникот од 2008 година и недоставување на податок дали тој бил во сила и од 2010 наваму, ЗПЛРМ ја довел во заблуда КОП во однос на времетраењето и тежината на прекршокот од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 1) од ЗЗК, а чие постоење КОП го утврди со решение бр.09-22/9 од 31.08.2016 година. Времетраењето и тежината на прекршокот, согласно член 64 од ЗЗК се најбитните елементи кои се земаат предвид при одмерување на глобата.**

Согласно член 61 став (1) од ЗЗК, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 1% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако:

2) достави неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок, а во смисла на член 40, член 48 и член 49 од ЗЗК;

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од ЗЗК, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

Во утврдувањето на износот на глобата КОП тргнува од вкупно остварените приходи на ЗПЛРМ за 2015 година како последната деловна година, за која ЗПЛРМ има составена годишна сметка.

Вкупно остварените приходи на ЗПЛРМ во 2015 година, како последна деловна година за која ЗПЛРМ има составена годишна сметка изнесува 10.465.785,00 денари.

**За сторениот прекршок од член 61 став (1) точка 2) од ЗЗК**, доставување на нецелосни податоци, односно податоци кои може да ја доведат во заблуда КОП, на начин што ЗПЛРМ не го доставило Ценовникот за услуги за приватни пациенти (кој ценовник почнува со: лекарско уверение за работа ..... 1500,оо ден.) и Ценовникот од 2008 година при постапувањето по Заклучокот на КОП бр.09-18/2 од 27.07.2015 година за доставување на податоци, **КОП глобата која се изрекува на ЗПЛРМ ја определува во износ од 30.081 денар што претставува 0,5% од приходите на ЗПЛРМ остварени во 2019 година** како последна деловна година за која ЗПЛРМ има составена годишна сметка**.**

Постапувајќи согласно член 26 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр.62/06 и бр.51/11), КОП **на Здружението на приватни лекари на Република Македонија**, ул. Народен фронт бр.21 Скопје, со ЕМБС 5149541 застапуван од полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес, му изрекува **единствена санкција во износ од 60.162 денари, што претставува 1% од вредноста на вкупниот годишен приход на Здружението на приватни лекари на Република Македонија, остварен во 2019 година** како последна деловна година за која истото има составена годишна сметка.

**Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**Димитрија Вревезоски**